## МЕЃУНАРОДНА АСОЦИЈАЦИЈА EAN INTERNATIONAL

Меѓународната асоцијација EAN International започнува со активностите во 1974 година кога производители и трговци од 12 западноевропски земји формираат стручен совет со цел да се истражи можноста за развој на униформен и стандардизиран Европски систем за нумерирање, компатибилен со *UPC*[1] (Uniform Product Code) системот развиен во САД.

За разлика од UPC кој исклучиво беше концентриран на касово работење во малопродажбата, интересот на европските дванаесетмина беше насочен кон формулирање на единствен меѓународен концепт и стандарди фокусирани на севкупниот синџир на снабдување.

Во 1977 година Европските напори резултираат со формирање на непрофитна меѓународна организација EAN (European Association for Numbering) со седиште во Брисел, Белгија. Набрзо, на EAN и се приклучуваат и земји од други региони и континенти. На кратенката EAN придодаден е суфиксот International како би се истакнал новиот меѓународен карактер на структурата на членките.

Стратешкото здружување на двете значајни организации за кодирање – *EAN International*[2] со 99 национални EAN асоциации од една, односно UCC (*Uniform Code Council, Inc. – UCC*[3]) и ECCC (*Electronic Commerce Council of Canada*[4]) задолжени за Соединетите Американски Држави и Канада, од друга страна – е подготвувано со години и на 26 Ноември 2002 е потпишан основниот документ врз онова на кој UCC и ECCC стануваат 100-та и 101-ва членка на EAN International.

Врз основа на Одлуката за промена на името од EAN International во GS1 донесена на седницата на Генералното Собрание на EAN International во јуни 2003, EAN International започна да го користи новото име од 1 јануари 2005 година. Кампањата за промоција на новиот GS1 систем започнува во февруари 2005 година.

GS1 е акроним на Меѓународната организација *Global Standards One*, со седиште во Брисел (Белгија) и Принстон, Њу Џерси (САД). Истиот е одбран за да се означи и потенцира организација која завзема ПРВО место во поврзувањето на меѓународната трговија со примена на ЕДЕН глобален систем на отворени стандарди, односно е ознака на слоганот за ЕДЕН ЕДИНСТВЕН ГЛОБАЛЕН ЈАЗИК НА БИЗНИСОТ концептуално базиран врз идеите за ЕДЕН глобален систем, ЕДЕН глобален Стандард и ЕДНО глобално решение, Број ЕДЕН организација за стандардизација и унификација на глобалниот синџир на снабдување со ЕДЕН глобален систем на отворени стандарди.

Додека основната цел на поранешните EAN асоцијации беше развој и имплементација на стандардите и системот за баркодирање, целите на новата GS1 организација се далеку поамбициозни - создавање и имплементација на униформни и меѓународно прифатени стандарди и сервиси во бизнис комуникацијата.

Согласно измените извршени на меѓународно ниво во 2004 година, од 16.01.2006 година Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите функционира под име GS1 Македонија со *Статут*[5] и *Програма на активности*[6] усогласени со Статутот, Програмата, другите акти со кои се дефинирани стратешките цели на GS1.

---

[1] Да се хиперлинкува (отварање во нов прозор) со www.epcglobalinc.org
[2] Да се хиперлинкува (отварање во нов прозор) со http://www.ean-int.org
[3] Да се хиперлинкува (отварање во нов прозор) со http://www.uc-council.org
[4] Да се хиперлинкува (отварање во нов прозор) со http://www.GS1ca.org
[5] Да се хиперлинкува (отварање во исти прозор) со Statut_GS1_Makedonija.pdf
[6] Да се хиперлинкува (отварање во исти прозор) со Programa(2006)_GS1_Makedonija.pdf